Дневни биптени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

2025

Извадок на ден од дневните настани 31.01.2025

На 30.01.2025 во Кавадарци, полициски службеници од ОВР Кавадарци го лишиле од слобода И.П.(42) од Кавадарци. Тој се сомнича дека на 22.01.2025 во нејзиниот дом со гушење ја убил неговата партнерка С.С.С.(52) од Кавадарци. Починатата беше пронајдена од нејзината ќерка Д.Т., која веднаш го пријавила настанот во полициска станица. Додека, по преземени мерки од полициски службеници од СВР Велес - ОВР Кавадарци и Одделот за криминалистичка полиција - Сектор за општ и насилен криминал при МВР и по извршени вештачења и анализи во координација со ОЈО Кавадарци, обезбедени се докази и дојдено е до сознание дека И.П. го сторил делото. ОВР Кавадарци против него поднесе кривична пријава по член 123 од Кривичниот законик - „убиство", а судија на претходна постапка од Основен суд Кавадарци му определи мерка притвор од 30 дена и И.П. е спроведен во Казнено – поправната установа Затвор Гевгелија за издржување на мерката притвор.

Денеска (31.01.2025) во 00.30 часот во Скопје, на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Е.А.(28) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.01.2025 во 10.40 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Т.(30) од с.Шишево, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.01.2025 во 19.00 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Б.(23) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени пиштол со рамка „зораки", муниција и марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.01.2025 во 14.15 часот во Полициската станица Центар, К.Г.(24) од Струмица пријавила дека во кругот на Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје била касната од куче скитник.

На 30.01.2025 во 17.00 часот во Полициската станица Центар, М.П.(39) од Скопје пријавил дека на бул.„Крсте Петков Мисирков" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 30.01.2025 во 17.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Љ.С.(52) од Скопје пријавил дека на ул.„Лука Геров" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 30.01.2025 во 18.10 часот во Полициската станица Аеродром, М.С.(37) од Скопје пријавил дека во с.Долно Лисичe,скопско, бил каснат од куче скитник.

На 31.01.2025 во 08.50 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода С.З.(34) и В.М.(40) од Куманово. Тие се сомничат дека претходно во продажен објект на улица „11 Октомври" во Куманово со закана со остар предмет кон вработената одземе пари од дневниот промет. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против нив ќе следува соодветна пријави.

На 30.01.2025 во 16.00 часот во СВР Куманово, 66 - годишна жена од Куманово пријавила дека била измамена од едно лице за сума од 2500 евра. Според пријавеното, лицето ѝ се јавило на телефон и претставувајќи се како полициски службеник ја известило дека нејзината ќерка предизвикало сообраќајна незгода во која прегазила дете мигрант и ќе треба да плати одредена сума на пари за да не одговара кривично. Како што е пријавено, таа ги однела парите на договореното место, а подоцна се слушнала со нејзината ќерка и сфатила дека е измамена односно дека нема никаква сообраќајна незгода. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.01.2025 во 17.00 часот во СВР Куманово, 83 - годишен маж од Куманово пријавил дека бил измамен од едно лице за сума од 100.000 денари. Според пријавеното, лицето му се јавило на телефон и претставувајќи се како полициски службеник му кажало дека неговите син и снаа предизвикале сообраќајна незгода во која прегазиле дете мигрант и ќе треба да плати одредена сума на пари за да не одговараат кривично. Како што е пријавено, тој ги однел парите на договореното место, а подоцна се слушнал со неовист син и сфатил дека е измамен односно дека нема никаква сообраќајна незгода. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.01.2025 во 11.30 часот во СВР Скопје, до Казнено - поправната установа Затвор Идризово било пријавено дека околу 10.30 часот во кругот на установата била пронајдена марихуана. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.01.2025 во ОВР Пробиштип било пријавено дека околу 09.40 часот во семејниот дом, по претходна расправија помеѓу родителите, 16 – годишно девојче од Пробиштип со остар предмет го нападнало и му нанело убодна рана на својот татко И.А.(46). Тој бил пренесен во Здравствен дом Пробиштип, каде му била укажана помош, а по извршен преглед малолетничката била пренесена во здравствена установа. Во ОВР Пробиштип, во присуство на претставници од Центарот за социјални работи Пробиштип, бил извршен разговор со нејзината мајка и другите две деца. За настанот бил известен јавен обвинител и по негово целосно документирање ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 31.01.2025 во 01.30 часот на улица „Есат Мезелјиу" во Дебар, полициски службеници од ОВР Дебар го лишиле од слобода А.Љ.(23) од Дебар. Тој, претходно, на улица „Јусуф Багерчи" во Дебар, управувајќи возило „мерцедес" со дебарски регистарски ознаки, не застанал на полициската патрола од Полициската станица за безбедност во патниот сообраќај Дебар и се дал во бегство. Набргу, по преземени мерки, тој бил сопрен на улицата „Есат Мезелјиу" и било констатирано дека не поседувал возачка дозвола и дека возилото го управувал под дејство на алкохол. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (31.01.2025) во 00.30 часот во СВР Скопје, 35-годишна жена од Скопје пријавила дека во домот на подрачјето на Кисела Вода била физички нападната од нејзиниот сопруг Б.А., кој ѝ упатил закани со остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.01.2025 во 20.30 часот во СВР Скопје, од Комплекс клиники „Мајка Тереза" во Скопје било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен 17-годишник од скопско. Според пријавеното, на автобуска постојка на подрачјето на Центар тој бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.01.2025 во 14.55 часот во ОВР Неготино било пријавено дека во кругот на фабрика во село Дуброво, неготинско, со работна машина (вилушкар), управувана од З.Б.(51) од Неготино, бил удрен вработениот Б.И.(26) од Неготино. Притоа, тој се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во болницата во Кавадарци. Увид извршила увидна екипа од ОВР Неготино.

Денеска (31.01.2025) во 04.30 часот во СВР Скопје, Н.И.(31) од с.Голема Речица, тетовско, пријавил дека на 30.01.2025 околу 23.30 часот во с.Копаница, скопско, тој и А.В.(25) од с.Бозовце, тетовско, биле физички нападнати од Х.А., Ш.А и уште неколку други лица, кои употребиле и тврди предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.01.2025 во 18.00 часот во СВР Скопје, Ж.М.Х.(52) од Скопје пријавила дека на 29.01.2025 околу 08.30 часот на подрачјето на Гази Баба била физички нападната од С. „Н". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.01.2025 во СВР Скопје било пријавено дека околу 04.00 часот на подрачјето на Шуто Оризари едно лице предизвикало пожар во куќа, сопственост на Џ.Ј.(42) од с.Орешани, општина Зелениково. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. Извршен бил увид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.01.2025 во 15.00 часот во СВР Скопје, М.К.(27) од Скопје пријавил дека околу 11.00 часот во Основен кривичен суд Скопје, каде бил во сведок, обвинетиот Б.С. физички го нападнал и му упатувал закани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.01.2025 во 18.00 часот во Полициска станица Неготино, Д.Т.(60) од Неготино, пријавил дека од семејниот дом се оддалечил неговиот син М.Т.(28), кој имал здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.
На 30.01.2025 во 17.15 часот во Полициската станица Центар, М.Д.(27) од Скопје пријавил дека на бул.„Крсте Петков Мисирков" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 30.01.2025 во 19.40 часот во Полициската станица Кисела Вода, С.А.(51) од Скопје пријавила дека на ул.„Ѓорѓи Димитров" во Скопје била касната од куче скитник.

На 30.01.2025 во 14.15 часот во Полициската станица Гази Баба, Б.Н.(75) од с.Инциково, скопско, пријавила дека на ул.„Жан Жорес" во Скопје била касната од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против М.Г.(18) од Крива Паланка поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 24.12.2024 во училиште во Крива Паланка, пријавениот физички го нападнал Ф.С., при што му нанел тешка телесна повреда.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против С.В.(42) од Ранковце поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница". На 18.01.2025 во магазин на продажен објект во с.Ранковце, по претходна расправија, пријавениот со остар предмет упатил закани кон А.Н. и други лица.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Т.Ј.(33) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „тешка кражба на дрзок начин", „тешка кражба во обид" и „разбојничка кражба". На 26.01.2025, пријавениот влегол во куќа во Штип и одзел пари во различни апоени и други предмети. Притоа, пријавениот бил затекнат од сопственикот Л.П., по што меѓу нив настанала физичка пресметка.

СВР Битола поднесе кривична пријава против М.Ј.П.(27) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". Полициски службеници, со судска наредба, извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени марихуана и канабис.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Б.Б.(45) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 24.01.2024 во Битола, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени муниција за огнено оружје од различен калибар и револвер.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.Т.(35) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" и „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 26.01.2025 во Скопје, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени кокани, пиштол „Застава" калибар 9 мм и куршуми калибар 9 мм.

СВР Велес поднесе кривична пријава против К.Г.(65) од с.Мартолци, општина Чашка, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 01.05.2024 во с.Мартолци, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени ловечка пушка и патрони за пушката.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Б.А.(65) од с.Дреново поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 08.08.2024 во Неготино, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавената, при што биле пронајдени и одземени сигнален пиштол „Зораки" и куршуми.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Р.К.(62) од с.Велестово, охридско, и против Б.И.(51) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". На катастарска парцела во с.Велестово, пријавените започнале со градење на индивидуална семејна куќа за живеење без да поседуваат соодветна документација од надлежен орган.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет